Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# I. ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДА

Министерството за финансии, со адреса на ул."Даме Груев", бр.14 – Скопје, има потреба од набавка на услуга - тековно одржување, поправки и демонтажа/монтажа на климауредите на Министерството за финансии.

За таа цел, договорниот орган спроведува постапка со барање за прибирање на понуди за доделување на договор за јавна набавка на услуга, во согласност со член 100 став 1 алинеја 2 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија", бр. 136/07, 130/08, 97/2010 и 53/2011), за што објави оглас бр.05-1/2011.

Ги покануваме заинтересираните економски оператори да доставaт понуда за горенаведениот договор за јавна набавка најдоцна до **18.10.2011 година, до 12,00 часот**, по пошта или лично со поднесување на понудата во писарницата на Министерството за финансии на ул. „Мито Хаџивасилев Јасмин" бб (поранешна зграда на НИП "Нова Македонија") во Скопје.

Во прилог на оваа покана е тендерската документација која ги содржи сите информации кои ќе помогнат за изработка на понудата. Тендерската документација се состои од следниве делови: инструкции за економските оператори, технички спецификации, список на климауреди, модел на договор и образец на понуда

Тендерската документација може да се добие бесплатно со праќање на барање на е-пошта: kristina.jordanova@finance.gov.mk. По добивањето на тендерската документација економските оператори треба да го потврдат приемот на тендерската документација на истата електронска адреса од која ја добиле тендерската документација.

Лица за контакт во врска со предметот на набавката: Јасмина Петреска, телефон: (02) 3106-136, електронска адреса: jasmina.petreska@finance.gov.mk. и Билент Мустафоски, тел: 3106-432, електронска адреса: bilent.mustafoski@finance.gov.mk.

Отворањето на понудите ќе биде јавно и ќе се изврши на **18.10.2011 година, во 12 часот**, во просториите на Министерството за финансии на ул. „Мито Хаџивасилев Јасмин",б.б. во зградата на поранешна НИП "Нова Македонија", I кат, сала за состаноци – Скопје.

Благодариме на соработката.

**Во Скопје, 29.09.2011 година**

**Комисија за јавни набавки**
**Претседател**
**Јасмина Петреска**